Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на општина Кисела Вода и кандидат за градоначалник на Град Скопје, во своето гостување во емисијата „Заспиј ако можеш“ зборуваше за програмата со која ќе настапи на локалните избори и потенцираше дека програмата ќе биде создадена од граѓаните кои ги очекуваат промените во градот Скопје.

-Уште по првиот ден кога мојата политичката партија, претседателот Христијан Мицкоски како и Извршниот комитет ми ја дадоа довербата и поддршката започнав со теренски посети. Ги посетив општина Бутел, општина Гази Баба и продолжуваме секојдневно со останатите општини во градот. Верувам во силна победа и давам се од себе да што побрзо биде готова програмата. Јас не планирам програмата да ја составувам канцелариски и сметам дека најправилниот начин е програмата да биде создадена токму од граѓаните кои ќе ги очекуваат промените во градот Скопје, рече Ѓорѓиевски.

Ѓорѓиевски во текот на своето гостување објасни зошто е важно ВМРО-ДПМНЕ да победи во градот Скопје и додаде дека ќе даде се од себе ВМРО-ДПМНЕ уште во првиот круг победи во градот Скопје.

-За сите нас е многу важно ВМРО-ДПМНЕ да победи во градот Скопје, затоа што еве пример кога бевме во Гази Баба еден граѓанин рече секогаш кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт се гради, а кога ќе дојдат овие другите се растура. Значи верувам во силна поддршка од страна на граѓаните и ќе дадам се од себе таа поддршка се валоризира и да имаме сериозна победа во првиот круг за градот Скопје, кажа тој.

Ѓорѓиевски укажа дека сето ова се должни на се она што тој и неговиот тим сработиле во овие 4 години за општината Кисела Вода односно станува збор за реализација на куп проекти кои ги реализирале.

-Одлуката за јас да бидам кандидат за град Скопје влијаеше и сето она што јас и мојот тим го направивме во овие 4 години во Кисела Вода. Ние имаме реализација на еден сет на проекти кој никој не замислувал во минатото дека ќе дојдат на дневен ред, а камоли да се реализираат. Мене сите добро ме знаат дека не се откажувам пред предизвикот и очекуваат истото да се рефлектира и во градот Скопје односно нема да бидам човек кој ќе биде во канцеларијата и недостапен за граѓаните, туку сосема спротивно, ќе бидам постојано на терен и со граѓаните, порача Ѓорѓиевски.

На крај Ѓорѓиевски порача:

-Оние кои добро ме знаат, знаат дека сето ова го правам за да оставам нешто позади себе и по нешта по кои ќе ме паметат. Можам исто така да кажам дека ова е една од најголемите и најзначајните битки во животот и сум спремен максимално да се вложам, ќе дадам максимално ова го искористам во интерес на граѓаните.